01 – 972/1
11. 11. 20

**ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ**

Врз основа на член 28 став 2 алинеја 1 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14 и 25/15, 25/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ("Службен весник на Република Македонија" бр.275/19) и Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"-Скопје бр. 02-834/5 од 13.11.2020 , Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"-Скопје на седница одржана на 11.11.2020 година, донесе пречистен текст на

# СТАТУТОТ

на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој статут се уредуваат фирмата и седиштето, дејноста, организацијата, управувањето, раководењето, застапувањето и претставувањето, одбраната, јавност во работењето, заштита на класифицираните информации, средствата за работење, општите акти, како и други прашања од значење за Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје, (во натамошниот текст: ЈПУЗПП"ЈАСЕН"- Скопје).

Член 2

ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје е основано со Одлуката за основање на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје ( "Службен весник на Република Македонија", 90/05, 101/05, 165/08 и 99/12).

ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје е запишано во Трговскиот регистар на Основниот суд Скопје, со решение, Т.Рег. бр. 6042/2005 година од 21.11.2005 година.

Член 3

ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје има својство на правно лице, со посебна жиро-сметка и може да стекнува права и да презема обврски.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 1. Фирма и седиште

Член 4

Фирмата на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје на македонски јазик гласи:
Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје.
Скратениот назив на јавното претпријатие гласи: ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје.
Фирмата на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје на албански јазик гласи:
Ndërmarrja publike për menaxhimin dhe mbrojtjen e rajonit me më shumë qëllime "JASEN" – Shkup
Скратениот назив на јавното претпријатие на албански јазик гласи:
" NPMMRSH "JASEN" – Shkup "
Во меѓународниот правен промет фирмата на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје гласи:
Public Enterprise for Managing and Protection of the Multipurpose Area "JASEN" – Skopje
Скратениот назив на фирмата на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје во меѓународниот правен промет е PEMPMA "JASEN" – Skopje.

Член 5

Седиштето на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје е во Скопје на ул.11 Октомври бр.23-а.

Член 6

ЈПУЗПП"ЈАСЕН" - Скопје има печат, штембил и знак (амблем).

Подружниците имаат печат и штембил.

Печатот на ЈПУЗПП"ЈАСЕН" – Скопје е во тркалезна форма, со дијаметар од 4 сантиметри, со пречник од линија и во него полукружно е напишан текст со назив на фирмата: Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје, а во средишниот дел стои напис "ЈАСЕН" - Скопје/ " Ndërmarrja publike për menaxhimin dhe mbrojtjen e rajonit me më shumë qëllime "JASEN" – Shkup.

Штембилот е во правоаголна форма со следниот текст: Јавно претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје/ Ndërmarrja publike për menaxhimin dhe mbrojtjen e rajonit me më shumë qëllime "JASEN" – Shkup, а под текстот на називот на фирмата е оставено место за деловодниот број и датумот.

Знакот (амблемот), на ЈПУЗПП"ЈАСЕН"- Скопје е составен од две различни кружници со ист центар. Во средината, на бела основа, е впишан цртеж во боја, на глава од дивокоза, чии рогови навлегуват во просторот меѓу двете кружници обележан со зелена боја и го раздвојуваат написот ЈПУЗПП на два дела по третата буква. На долниот дел од зелената површина, централно, стои написот, "ЈАСЕН" при што сите букви се со жолта боја. Во левиот страничен дел од зелената површина помеѓу двете букви " Ј " стои напис "NPMMRSH", а во десниот страничен дел помеѓу бувите "П" и" Н " стои напис "JASEN", при што сите букви се со црна боја.

Член 7

ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје може да го употребува својот знак (амблем) на меморандуми, репрезентативен материјал, беџови, ознаки на службите и на друг начин и во различен размер, со цел да се промовира, овозможи или препознае вршењето на дејноста на претпријатието.

Член 8

Користењето на печатот, штембилот и знакот (амблемот), се уредува со акт на директорот на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје, согласно со закон.

2. **Дејност на Јавното претпријатие**

Член 9

Приоритетна дејност на ЈПУЗПП"ЈАСЕН"- Скопје е заштита на природата, спроведување на економските активности, унапредување и користење на природното богатство во повеќенаменското подрачје.

Освен приоритетната дејност од став 1 на овој член, ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје ги врши и следните дејности:

91.03 - Заштита на историски места и градби, како и слични знаменитости за посетители;
91.04 - Дејности на ботанички и зоолошки градини и природни богатства;
01.70 - Лов, траперство и соодветни услужни дејности;
94.99 - Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место;
01.29 - Одгледување на останати повеќегодишни посеви;
02.10 - Одгледување на шуми и останати дејности поврзани со шумарството;
02.20 - Искористување на шумите;
02.30 - Собирање на шумски плодови и производи, освен дрва;
02.40 - Помошни услуги во шумарството;
03.12 - Риболов во слатководни води;
70.22 - Дејности на советување во врска со работењето и останато управување;
03.22 - Слатководна аквакултура;
16.10 - Пилење и стружење на дрво;
46.73 - Трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема;
47.11 - Трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалаци и тутун;
47.19 - Друга трговија на мало во неспецијализирани продавници;
55.20 - Одморалишта и останати објекти за пократок престој;
55.30 - Кампови, автокампови и простори за кампирање;
55.90 - Друг вид на сместување;
56.10 - Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна;

79.11 - Дејности на туристичките агенции;
79.12 - Дејности на организаторите на патувања (тур операторите);
79.90 - Останати резервациски услуги и дејности поврзани со нив;
01.11 - Одгледување на жита (освен ориз), мешункасти растенија и маслодајно семе;
01.13 - Одгледување на зеленчук, дињи и лубеници, коренест и трупкаст зеленчук;
01.26 - Одгледување на маслодајни плодови;
01.28 - Одгледување на зачински, ароматични и лековити растенија и на растенија за употреба во фармацијата;
01.30 - Одгледување на саден материјал;
01.63 - Дејности кои се извршуваат после собираните посеви;
11. 01 - Дестилирање, прочистување и мешање на алкохолни пијалоци;
11.02 - Производство на вино од грозје;
01.43 - Одгледување на коњи и останати сродни животни;
01.42 - Одгледување на други говеда и биволи;
01.46 - Одгледување на свињи;
01.47 - Одгледување на живина;
01.49 - Одгледување на други животни;
93.21 - Дејности на забавни и тематски паркови;
93.19 - Останати спортски активности и
93.29 - Останати забавни и рекреативни дејности, неспомнати на друго место.

Во шумите за посебна намена ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје врши заштита и одгледување на ретки видови шумски дрвја и дивеч.

Приоритетната и другите дејности од ставовите 1 и 2 на овој член ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје ги врши во согласност со Одлуката за основање на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје.

Член 10

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје врши дејности во врска со одбраната, а особено ги одржува, ги обезбедува и ги чува недвижностите за потребите на Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, како и ги одржува и ги чува материјално-техничките средства, инсталациите и изградената инфраструктура кои се од посебно значење за одбраната на Република Северна Македонија.

Заштитата на повеќенаменското подрачје ја организираат и извршуваат вработените на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје, по претходно добиена лиценца за обезбедување на имоти и лица од Комората за обезбедување на имоти и лица, согласно Законот за обезбедување на имоти и лица.

Член 11

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје во вршењето на дејностите од јавен интерес кои што му се доверени од страна на основачот, ги почитува следните принципи на работа и тоа:

- сигурност на давање на услугите;
- континуитет и квалитет на услугите;
- транспарентност;
- достапност и универзална услуга и
- заштита на корисниците и потрошувачите.

## 3. Организација на претпријатието

Член 12

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"-Скопје се организира така што дејноста за која е основано ја врши на начин со кој се обезбедува техничко - технолошко и економско единство на системот, ефикасност и транспарентност во работењето, развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој, заштита и унапредување на добрата од општ интерес, трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на

производи и услуги, самостојност и еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата.

Член 13

За успешно и ефикасно извршување на дејноста, ЈПУЗПП "ЈАСЕН"-Скопје се организира во:

- дирекција и
- шест подружници.

Член 14

Во дирекцијата се организира и кординира извршувањето на дејноста на________ЈПУЗПП"ЈАСЕН"- Скопје и тоа:

- координација на производството на шумски сортименти;
- координација на работите за унапредување на процесот на производството на шумски сортименти;
- координација, утврдување и изготвување на предлог план за јавни набавки;
- анализирање на техничко-технолошкиот процес на производство;
- следење на примената на техничките прописи, нормативи и стандарди од областа на производството;
- обезбедување заштита на животната средина и безбедност и здравје при работа;
- изготвување на план за развој на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
- соработка со други јавни претпријатија;
- изготвување на инвестициона документација;
- изработка на техничка документација за реализација на плановите за развој;
- инвестициони работи;
- техничка и финансиска контрола и обработка на податоци;
- финансирање на тековното работење и инвестициите;
- планирање и анализа на работењето;
- анализа на резултатите од работењето на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
- контрола на квалитетот на искористувањето на дрвната маса;
- комерцијални работи за набавка и продажба, репроматеријалите, опремата и услугите;
- работи на сметководствена евиденција;
- административни, административно-технички и други општи работи;
- евиденција на човечките ресурси, се грижи за потребата од истите и нивната екипираност;
- имотно правни работи;
- организирање на семинари за стручно усовршување на човечките ресурси;
- нормативна дејност;
- застапување пред надлежните управни, судски и други органи;
- работи во врска со осигурувањето на ЈПУЗПП"ЈАСЕН"- Скопје;
- работи на информирање во ЈПУЗПП"ЈАСЕН"- Скопје;
- координација на работите во врска со приватните шуми и шуми со посебна намена кои се дадени во надлежност на ЈПУЗПП"ЈАСЕН"- Скопје со закон;
- изработка на планови и програми за развој на ловот и ловниот туризам во земјата и странство;
- презентација на ловот и ловниот туризам во земјата и странство и
- соработка со научни институции од областа на шумарството и ловството.

Член 15

Дирекцијата се организира по сектори и одделенија.
Со секторите и одделенијата раководат раководители.

Член 16

Со актот за внатрешната организација на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје, поблиску се уредува внатрешна

организација на Дирекцијата и подружницит, нивниот делокруг на работа, меѓусебните односи во извршување на работите и задачите.

Со актот за систематизација на работните места во ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје поблиску се определуваат работните места, со опис и попис на работните задачи како и други посебни услови за вршење на работите и задачите за секое работно место.

4. **Настапување во правниот промет**

Член 17

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје има својство на правно лице, со права обврски и одговорности утврдени со закон, Одлуката за основање на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје и овој статут.

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје во правниот промет настапува самостојно во свое име и за своја сметка, а за презементите обврски одговара со сиот свој имот.

Член 18

Подружниците немаат својство на правно лице и во правниот промет настапуваат во име и за сметка на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје.

5. **Работење**

5.1 **Имот**

Член 19

Имотот на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје го сочинуваат сите средства за работење, пари и права.

ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје работи со жиро сметки.

Подружниците работат преку подсметки кои се составен дел на жиро сметката на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје.

ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје при вршење на работите од својата дејност може да стекнува имот.

Член 20

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје го води своето материјално-финансиско работење според меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор.

5. 2 **Планирање, развој и обезбедување на приходи**

Член 21

За извршување на својата дејност и за обезбедување на економска сигурност ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје, го планира сопствениот развој при што донесува програми за работа и планови за развој.

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје изготвува и усвојува долгорочни и средорочни планови за развој, годишни планови и програми за работа.

Плановите и програмите за работа се усогласуваат со програмските документи на Владата на Република Северна Македонија и на ресорните министерства.

За стопанисување, со шумите во државна сопственост, ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје за секоја шумско-стопанска единица донесува посебен план за период од десет години, кои ги одобрува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно член 29 став ( 5 ) од Закон за шумите.

Член 22

Средствата за работа и развој, на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје се обезбедуваат од:

- средствата од економските активности при користењето на природното богатство во повеќенаменското подрачје;
- средства од извршување на стопански дејности и услуги;
- средства и материјали што ги обезбедуваат надлежните државните државни органи

(класифицирани информации);

- средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија;
- средства добиени по основ на донации и кредити од земјата и странство и
- други извори на средства ( грантови, подароци, легати и друго) согласно закон.

**5.3. Остварување на приходи и пресметка**

Член 23

ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје остварува приходи од вршење на дејностите согласно Одлуката за основање на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН" - Скопје и член 9 од овој статут.

Член 24

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје водењето на сметководството, подготвување и поднесување на годишната сметка и финансиските извештаи го врши во согласност со Законот за трговските друштва и усвоените меѓународни сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување.

Водењето на деловодните книги и нивното чување, чувањето на сметководствените документи како и на годишните сметки и финансиските извештаи во ЈПУЗПП"ЈАСЕН"- Скопје се врши согласно со одредбите од Законот за трговските друштва, кои се однесуваат на водењето на трговските книги.

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје е должно да ги доставува до основачот усвоените тримесечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, најдоцна 20 дена по истекот на тромесечјето.

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје е должно по усвојување на тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење од страна на управниот одбор на јавното претпријатие, истиот да го објави на својата веб страница најдоцна 30 дена по истекот на тромесечјето.

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје е должно годишните сметки и финансиските извештаи да ги објави на својата веб страница во рок од 15 дена од денот на доставување на годишната сметка до Централен регистар на Република Северна Македонија.

**6. Органи на Јавното претпријатие**

Член 25

Органи на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје се: Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење и директор.

**6.1 Управен одбор**

Член 26

Орган на управување во ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје е Управниот одбор.

Управниот одбор е составен од пет члена именувани од основачот.

Во Управниот одбор основачот, Владата на Република Северна Македонија именува односно разрешува претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје, имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на сите заедници.

Претседателот на Управниот одбор се избира од редот на членовите на Управниот одбор, на првата седница на Управниот одбор, со мнозинство на гласови од вкупниот број членови.

Неспојливи се функцијата претседател и член на Управниот одбор на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје со функциите претседател и членови на Владата на Република Северна Македонија, како и градоначалникот на општината и градот Скопје, за јавните претпријатија основани од општината, односно градот Скопје.

Член 27

Времетраењето на мандатот на членовите на Управниот одбор не може да биде подолго од четири години.

Мандатот на претседателот и членовите на Управниот одбор, може да престане пред истекот на мандатот, во случаи на спреченост за извршување на работата, оставка на членот на управниот одбор, повреда на

законските или статутарните одредби и останати активности кои претствуваат несовесно, како и незаконско работење.

Во случаите од став 2 на овој член, директорот го известува основачот во рок од 30 дена заради именување на нов член на Управниот одбор.

Член 28

Управниот одбор ги врши следните работи:

- го донесува статутот на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје, неговото изменување и дополнување;
- одлучува за статусни промени на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
- ја усвојува програмата за работа и развој на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
- ја утврдува деловната политика;
- ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;
- ја усвојува годишната инвестициона програма усогласена со вкупниот стопански развој;
- донесува акт за употреба на средства остварени со работењето на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје и покривањето на загубите;
- ги донесува одлуките за инвестициите;
- донесува акт за задолжување на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
- донесува акт за утврдување на цените на производите и на услугите на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
- одлучува за внатрешна организација на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
- ги донесува општите акти на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје и одлучува за нивното изменување и дополнување;
- донесува одлука за формирање на комисии за вршење на попис на средствата, побарувањата и обврските;
- го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
- дава согласност за службените патувања во странство, доколку патуваат повеќе од тројца вработени од ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
- за одлуките кои се однесуваат на износ над 50000 евра, одлучува по претходно одобрение на Надзорниот одбор;
- се грижи за информирање на работниците;
- донесува одлуки и мерки за заштита и унапредување на животната средина;
- донесува деловник за својата работа;
- донесува одлуки за расходување и отуѓување на основни средства;
- го избира и разрешува директорот и заменик директорот на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје основано од Владата на Република Северна Македонија, врз основа на распишан јавен конкурс согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија;
- именува вршител на должноста директор до именување на директор по распишан јавен оглас, но не подолго од шест месеци и
- одлучува за други прашања од интерес за работата на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје утврдени со закон и овој статут.

На актите од став 1 алинеи 1, 2,5,6,7,9,10 и 14 од овој член, согласност дава основачот на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје , односно Владата на Република Северна Македонија.

**6.2 Надзорниот одбор**

Член 29

За вршење контрола на материјално-финансиското работење на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје се формира Надзорен одбор на контрола за материјално-финансиското работење, (во натамошниот текст: Надзорен одбор), составен од пет члена.

Членовите на Надзорниот одбор ги именува и ги разрешува Владата на Република Македонија.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае четири години.

Надзорниот одбор избира претседател на првата седница, од редот на своите членови.

Член 30

Надзорниот одбор во рамките на своите надлежности, работи на седници.

Надзорниот одбор може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на ЈПУЗПП"ЈАСЕН"-Скопје, при што може да повика и стручни лица кои ќе му помогнат во решавањето во надзорот.

Членовите на Надзорниот одбор може да присуствуваат на седницата на Управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на Управниот одбор.

Записникот од состаноците на Надзорниот одбор содржи податоци за членовите кои гласале за и против одлуките, со внесување на образложение за причините за гласање.

Надзорниот одбор ги прегледува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работа на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје и по прегледувањето му дава мислење на Управниот одбор.

Управниот одбор не може да ги усвои тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење,годишните сметки и извештајот за работа на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје, ако претходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор.

Годишните сметки и извештајот за работењето на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје со свое мислење Надзорниот одбор му го доставува на министерот за финансии со што го известува за состојбата, врз чие работење врши контрола, а копија од извештајот му доставува и на Министерот надлежен за работите на соодветната дејност.

Надзорниот одбор се состанува најмалку четири пати годишно.

Член 31

Надоместокот што го добиваат членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење се утврдува со одлука на Управниот одбор.

**6.3 Директор и заменик на директор**

Член 32

Со работата на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје, раководи директор што го избира односно разрешува Управниот одбор.

Член 33

Директорот ги врши следните работи:

- го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор;
- учествува во спроведувањето на основите за Годишната програма за работа и Планот за развој;
- учествува во утврдувањето на критериуми за користење и располагање со средствата и употребата на средствата остварени со работењето на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"-Скопје, односно со другите извори на финансирање;
- врши усогласување на деловната активност на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
- го организира и раководи работењето на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
- го води работењето на ЈПУЗПП" ЈАСЕН" - Скопје;
- изготвува и доставува тримесечни извештаи за финансиското работење на претпријатието до Управниот одбор на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
- доставува шест месечен извештај за работата на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје до Управниот одбор;
- самостојно донесува одлуки во рамките на своите надлежности;
- ја предлага внатрешната организација и систематизација на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
- ги избира и разрешува раководните лица на ЈПУЗПП " ЈАСЕН"- Скопје;

- одлучува за распоредување на работници на определени работи и задачи;
- донесува програма за технолошки економски, организациони и слични промени кои предизвикале потреба од намалување на бројот на вработените;
- донесува одлука за воведување на привремен принуден одмор;
- донесува одлука за поединечни права, обврски и одговорности на вработените;
- го определува распоредот на работното време во вкупното годишно работно време и распределбата на работното време;
- формира комисии и работни тела;
- го организира начинот на информирање на работниците;
- го информира Управниот одбор за одделни прашања од работењето на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје ;
- ги предлага актите на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје, кои ги донесува Управниот одбор;
- се грижи за законитоста во работењето на ЈПУЗПП " ЈАСЕН" -Скопје;
- склучува договори за реализација на програмата и други договори за потребите од тековното работење на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
- раководи со спроведување на мерките за безбедност и здравје и
- врши други работи утврдени со закон и со овој статутот.

Член 34

Со работата на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје раководи директор кој има заменик што го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие во негово отсуство, кои ги избира односно разрешува управниот одбор.

Директорот и заменик на директорот се избираат со мандат од четири години.

Управниот одбор на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор. Управниот одбор на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје три месеци пред истекот на мандатот на постојниот заменик на директор донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на заменик на директор.

Во објавениот јавен конкурс од ставот 3 на овој член се утврдуваат условите кои треба да ги исполнуваат кандидатите за директор и заменик на директор, потребната документација и времетраењето на конкурсот.

Пристигнатите документи ги прегледува тричлена комисија избрана од управниот одбор и во рок од осум дена по истекот на рокот на конкурсот целокупната документација ја доставува до управниот одбор на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје.

Управниот одбор во рок од 15 дена од денот на доставувањето на документацијата од ставот 5 на овој член, донесува одлука за избор на директор и заменик на директор на јавното претпријатие.

Член 35

Директорот и заменик на директорот имаат право да учествуваат во работата на Управниот одбор и Надзорниот одбор, без право на глас.

Директорот и заменик на директорот се одговорни за својата работа пред Управниот одбор на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје.

Директорот склучува договор со Управниот одбор за уредување на односите со јавното претпријатие во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со закон.

Директорот и заменик на директорот, членовите на Управниот одбор и членовите на Надзорниот одбор ако извршат, донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите морале да знаат дека ги повредуваат интересите на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука. Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на органите на управување.

Член 36

Директорот на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје се разрешува пред истекот на мандатот во следните случаи:

- на негово барање;
- ако настане некоја од причините поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос согласно закон;

- ако не работи и постапува според закон, статут и актите на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува во спротивност со нив;
- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика штета на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
- ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
- ако не доставува извештај согласно член 33 став 1 алинеја 8 од овој статут до Управниот одбор и
- ако во рок од шест месеци не ги отстрани недостатоците или во тој рок има повторно недостатоци и /или загуби во финансиското работење.

Управниот одбор во случаите од став 1 од овој член ќе донесе одлука за разрешување на директорот.

До изборот на нов директор Управниот одбор во рок од пет дена од донесување на одлуката за разрешување, именува вршител на должност директор на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје, но не подолго од шест месеци.

Член 37

Член на Управниот одбор, директорот и членовите на Надзорниот одбор на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје не можат да имаат лично, преку трето лице или по било која основа, интереси во ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје или трговско друштво кое е во деловни односи со ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје, кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност во одлучувањето во јавното претпријатие.

Секој член на Управниот одбор или директорот на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"-Скопје, треба да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес кај еден или повеќе членови на Управниот одбор.

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје не може на претседателот или на член на Управниот одбор, на претседателот или на член на Надзорниот одбор или на директорот на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје да им дава заеми или гаранции на заеми, кои тие ги склучиле со трети лица.

## 7. Застапување и претставување

Член 38

Директорот го претставува и застапува ЈПУЗПП " ЈАСЕН"-Скопје во правниот промет.

## 8. Државна тајна и деловна тајна

Член 39

На документите и податоците кои претставуваат државна тајна се применуваат прописите согласно Законот за класифицирани информации.

Оддавањето на државна тајна се смета за тешка повреда на работната должност.

Член 40

На податоците и документите кои претставуваат деловна тајна се применуваат прописите согласно Законот за класифицирани информации.

Должноста за чување на деловната тајна на Јавното претпријатие трае и по престанокот на работниот однос.

Оддавањето на деловна тајна се смета за тешка повреда на работната обврска.

## 9. Јавност во работата

Член 41

Работата на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје е јавна.

За работата на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"-Скопје јавноста се информира преку веб страната на јавното претпријатие, средствата за јавно информирање и посебни публикации преку кои ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје ги известува

корисниците на услугите за сите прашања во врска со дејноста на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје, кои се од посебен интерес за корисниците.

10. **Заштита и унапредување на животната средина и природата**

Член 42

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"-Скопје треба својата дејност да ја врши на начин со кој се обезбедува заштита и унапредување на животната средина и природата.

ЈПУЗПП "ЈАСЕН"-Скопје се грижи повеќенаменското подрачје да го одржува и навреме да ги преземе пропишаните техничко - заштитни и други мерки потребни за заштита и одржување за да се спречи нарушувањето на екосистемите во повеќенаменското подрачје.

Непосредната заштита на повеќенаменското подрачје ја спроведува чуварска служба.

11. **Положба на вработените во јавното претпријатие**

Член 43

Вработените во ЈПУЗПП "ЈАСЕН"-Скопје кои вршат работи од административна природа заради остварување на дејноста заради која е основано јавното претпријатие имаат статус на административни службеници и за нивниот работен однос се применуваат одредбите од Законот за административните службеници и колективните договори.

Вработените во ЈПУЗПП "ЈАСЕН"-Скопје кои вршат работи од дејноста заради која е основано јавното претпријатие имаат статус на даватели на јавни услуги и за нивниот работен однос се применуваат одредбите од Законот за јавните претпријатија, Законот за вработените во јавен сектор и колективните договори.

Вработените во ЈПУЗПП "ЈАСЕН"-Скопје кои вршат помошно-технички работи со кои се овозможува непречено функционирање на јавното претпријатие имаат статус на помошно-технички лица и за нивниот работен однос се применуваат одредбите од Закон за јавните претпријатија, Законот за вработените во јавен сектор и општите прописи за работни односи.

Член 44

Актот за систематизација на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје го донесува директорот по претходна согласност од Управниот одбор и од Министерството за информатичко општество и администрација во делот на усогласеноста на описите на работни места со Каталогот на работни места, утврден во Законот за вработените во јавниот сектор.

12. **Соработка со синдикатот и штрајк во јавното претпријатие**

Член 45

ЈПУЗПП "ЈАСЕН" -Скопје, согласно со закон и со колективен договор, обезбедува услови за работа и делување на синдикатот.

Член 46

Вработените во ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје можат да го користат правото на штрајк под услови и начин утврдени со Законот за јавните претпријатија и колективниот договор.

13. **Информирање на работниците**

Член 47

Информирањето на работниците се врши на начин определен со посебен акт на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје.

14. **Одбрана**

Член 48

ЈПУЗПП "ЈАСЕН" - Скопје во случај на воена или вонредна состојба, презема мерки за заштита и спасување на работниците и материјалните добра (средствата за работа, архивскиот материјал и документација) од воени дејствија, природни непогоди или епидемии, како и други последици предизвикани од нив, согласно Законот за одбрана.

**15. Општи акти на Јавното претпријатие**

Член 49

Акти на ЈПУЗПП "ЈАСЕН" – Скопје се:

1. Статутот;
2. Ценовник за производи и услуги на ЈПУЗПП "ЈАСЕН"- Скопје;
3. Правилник за внатрешна организација;
4. Правилник за систематизација на работните места;
5. Правилник за безбедност и здравје при работа;
6. Правилник за редот и дисциплината и
7. Други акти потребни за вршење на дејноста, утврдени со закон и овој статут.

Член 50

Општите акти влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла во ЈПУЗПП" ЈАСЕН"- Скопје, доколку со одредбите на актот не е определено поинаку.

Измените и дополнувањата на Статутот и другите општите акти се вршат на начин и во постапка применета како и при нивното донесување.

**III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 51

Во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој статут треба да се усогласат општите акти на ЈПУЗПП" ЈАСЕН"- Скопје.

Член 52

Со денот на влегувањето во сила на овој статут престанува да важи Статутот на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје "ЈАСЕН"- Скопје. бр. 01-01/1 од 05.06.2006 година и бр. 01.04-298/8-2 од 08.04.2008 година.

Член 53

Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла во јавното претпријатие, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Скопје, 11.11.2020 година

Претседател на Управен одбор

Зоран Наков с.р.